МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита на животната средина
Бул: „ Јане Сандански " бр. 109 Б
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18 - 1690/2
29-08-2023 20 год.
СКОПЈЕ

До
Градоначалник на Општина Аеродром
Тимчо Муцунски
\- Тука

Врз основ на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање (СЛ. Весник на РСМ бр. 32/20) а во врска ос доставен предлог за одобрување на Планска програма за ДУП за градска четврт ЈИ 03 блок 03.06, Општина Аеродром, Скопје, Комисијата за урбанизам на Општина Аеродром дава:

ПРЕДЛОГ
За одобрување на Планска програма за ДУП за градска четврт ЈИ 03 блок 03.06, Општина Аеродром, Скопје

Преку електронскиот систем е - урбанизам поднесено е барање со бр. 52753 и архив. бр. 18 - 1690/1 од 12 07 2023 година, за одобрување Планска програма за ДУП за градска четврт ЈИ 03 блок 03.06, Општина Аеродром, Скопје, со техн. бр. 0801 - 08 - 05/23 од 05 2023 година, изработена од Иванов инженеринг доо Битола.

Границата на плански опфат на деталниот урбанистички план се совпаѓа граница на блок 06 и претставува затворена линија кој се движи по осовините на следните сообаќајници:

Североисток - осовина на сервисна улица С3

Северозапад - осовина на сервисна улица С1

Југозапад – осовина на сервисна улица С2

Југоисток - осовина на собирна улица „Февруарски Поход "

Површината на блокот изнесува 11.83 ха, а во регулациона линија изнесува 10.91ха.

Согласно Регулациски план за градска четврт ЈИ 03 на ГУП на град Скопје во рамки на планскиот опфат планирани се следните класи на намени:

А – домување

В – јавни институции

Д3 – спорт и рекреација

а согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22) и класификацијата на намените, поедниечните намени на градежните парцели ги добиваат следните ознаки:

А1 - Домување во куќи

В2.8 –Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки,јасли и сл.

Д3.1 – Спортски терени на отворено, на трева, за тенис, фудбал и други спортови, без трибини

Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури

Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија



Примил: Б.Анџелиса
29.08.'23

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Комисијата го разгледа барањето и констатира:

Планската програма со техн. бр. 0801 - 08 - 05/23 од 05 2023 година, од Иванов инженеринг доо Битола е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (СЛ. Весник на РСМ бр. 32/20) и Правилник за урбанистичко планирање (СЛ. Весник на РСМ бр. 225/20 - 104/22).

Врз основа на горе наведеното согласно 44 од Закон за урбанистичко планирање (СЛ. Весник на РСМ бр. 32/20), Комисијата за урбанизам му предлага на Градоначалникот на Општина Аеродром да ја одобри Планската програма за изработка на ДУП за градска четврт ЈИ 03 блок 03.06, Општина Аеродром, Скопје.

Комисија за Урбанизам на Општина Аеродром

Претседател Иван Кокалановски

Членови Зоран Пауноски

Страшко Хаџи Коцев

Јован Христоски Jovan Hristoski Digitally signed by Jovan Hristoski DN: c=MK, serialNumber=206558, sn=Hristoski, givenName=Jovan, cn=Jovan Hristoski Date: 2023.08.22 14:44:49 +02'00'

Александар Јанакиески Aleksandar Janakieski

Елена Дракуловска Гигов Elena Drakulovska Gigov Digitally signed by Elena Drakulovska Gigov

Дата 21 08 2023 година